Младински Културен Центар – Битола

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2025

БИТОЛА, МАРТ 2026

## ЗА МКЦ-БИТОЛА

Младински културен центар - Битола (МКЦ-Битола) е непрофитна, граѓанска организација за млади основана во 1999 година. **Мисијата** на МКЦ-Битола е обединување и развој на креативните потенцијали на младите луѓе и поттикнување на граѓанскиот активизам.

Долгорочни цели на МКЦ – Битола се да го промовира волонтерството, да го афирмира неформалното образование, да ги развива демократијата и граѓанското општество и да ја поддржува урбаната култура. Работиме на 5 стратешки приоритети:

1. **УНАПРЕДУВАЊЕ, РАЗВОЈ И ПРОМОЦИЈА НА ВОЛОНТЕРСТВОТО**
- Да поттикне одржлив развој на Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ);
- Да го промовира волонтерството и волонтерските вредности;
- Да дава придонес кон овозможувачка околина поволна за волонтирање во Македонија
2. **ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ, ЗНАЕЊА, ВЕШТИНИ И МОБИЛНОСТ НА МЛАДИТЕ ПРЕКУ НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ**
- Да ги подобри компетенциите на младите и нивната вработливост
- Градење на партнерства и вмрежување
3. **РАЗВОЈ НА ДЕМОКРАТИЈА, ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО**
- Да поттикнува младинско учество, особено во креирање и подобрување на младински политики и програми
- Да ги развива граѓанскиот активизам и партиципативната демократија
- Да го подобри владеењето на правото преку мониторинг на државни институции во спроведување на стратегии и акциони планови и буџетски процеси
- Правна помош, поддршка и социо-економско зајакнување на ранливи категории на граѓани на локално ниво
4. **ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА УРБАНА КУЛТУРА**
- Да ја промовира урбаната култура и меѓукултурното разбирање
- Да ги промовира вредностите на УНЕСКО
- Организација на фестивалот Битола отворен град
5. **ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ НА МКЦ-БИТОЛА**
- Да ја направи организацијата одржлива на долг рок
- Да ја подобри ефикасноста во работењето на организацијата
- Континурано да ги јакни капацитетите на персоналот, членството и волонтерите
- Да ја зајакни соработката со бизнис секторот

МКЦ – Битола води и координира проекти и програми поврзувајќи ги младите преку вклучување во настани кои ги истакнуваат нивните потенцијали во областа на волонтерството, неформалното образование, урбаната култура и граѓанските иницијативи.

МКЦ - Битола беше член на Младинската мрежа на југоисточна Европа (South East European Youth Network SEEYN) од 2002 година до 2023 година. Од 2015 година сме национален координатор на активностите на Регионалната платформа за социјални иновации во младинското вработување во југоисточна Европа - YOUSEE. Како национален Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ), МКЦ - Битола

е неформално вмрежена со 6 партнерски граѓански организации кои функционираат како Волонтерски Информативни Точки (ВИТ) во Тетово, Кавадарци, Прилеп, Свети Николе, Скопје и Струмица. Од 2019 до 2022 година МКЦ-Битола беше национален координатор на проектот ROUTE WB6 под лидерство на РИКО (RYCO) за воспоставување на регионална програма за размена на волонтери на Западен Балкан. Од 2024 година МКЦ-Битола е национална лидерска организација за Северна Македонија на глобалната волонтерска и хуманитарна акција Ден на добри дела (Good Deeds Day).

МКЦ - Битола беше регионална канцеларија на ГА МОСТ од 2002 до 2021 година, член на младинските платформи Национален младински совет на Македонија (НМСМ) и Сојуз за младинска работа (СМР), член на Платформата за борба против сиромаштија, Коалицијата Сите за правично судење, локалната Коалиција за борба против трговија со луѓе, Сојузот за развој на образованието за возрасни, Мрежата на овластени здруженија за бесплатна правна помош, Мрежа за поддршка на млади претприемачи, Платформата за медиумска писменост, Мрежата за финансиска одржливост на ГО, Мрежата на граѓански организации за реформа и развој на локалната и месната самоуправа „Заедница“, Јадро - Асоцијација на независната културна сцена, КООПЕРАТИВА – Регионална платформа за културна соработка и Европската мрежа на дебатни центри “Time to talk”.

## ВОВЕД

За повеќе од 25 години постоење, МКЦ – Битола се разви во одржлива организација со значајни капацитети за организирање на различни проекти и програми во Македонија, регионот на југоисточна Европа и пошироко.

МКЦ – Битола активно работи на промоција на волонтерството во Република Македонија, вклучувајќи во своите активности различни волонтерски програми наменети за младите луѓе. Дваесет и три години континуирано, преку најразлични активности, го одбележува 5-ти декември – Меѓународниот ден на волонтерите, а дваесет години организира доделување на национални волонтерски награди – златен сертификат за волонтерски ангажман. МКЦ – Битола од 2006 година години работи како национална канцеларија на Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ) координирајќи ја размената на волонтери на локално, регионално и меѓународно ниво, едуцира волонтери, нуди консултативни услуги на други субјекти за волонтерски менаџмент и соработува со други локални и меѓународни организации кои промовираат слични вредности.

Во рамките на МКЦ – Битола функционира тренинг сервис преку кој континуирано се реализираат голем број на локални, национални и меѓународни обуки за развој на вештини, знаења и компетенции кај младите луѓе.

Од 2011 година, МКЦ – Битола е овластено здружение за давање претходна правна помош и е запишано во регистарот на здруженијата за претходна правна помош што го води Министерството за правда на Република Македонија.

МКЦ – Битола активно се вклучува во процесите на креирање на јавните политики на локално и на национално ниво, како и во мониторинг на трошењето на јавните пари на локалните власти, мониторинг на децентрализацијата и креирање и анализа на ефективни документи за јавни политики. МКЦ - Битола учествува во национални проекти како локален или регионален партнер при изработката на мониторинг

извештаи (транспарентност и комуникации со јавност на општините,  јавни набавки, децентрализација) кои се однесуваа на општините  од Пелагонискиот регион.  Дополнително, МКЦ – Битола води и активно се вклучува и во работни групи за креирање на национални и локални стратегии (Стратегија за унапредување и развој на волонтерството 2010-2015, Стратегија на општина Битола за соработка со граѓанските организации 2019-2022, Стратегија за волонтерство на општина Битола 2015-2018, иницијатива за формирање на локален младински совет на општина Битола, иницијатива за формирање на Национален младински совет, Локална стратегија за намалување на младинската невработеност на Ромите во општина Битола 2018-2020, воспоставување на Локален совет за волонтирање во општина Битола, подготовка на Акциски план на ЛЕСС Битола 2019 – 2022, Национална стратегија за промоција и развој на волонтерството 2021-2025, Стратегија за промоција и развој на волонтерството во општина Битола 2023 - 2026).

На крај, 2025 година ја обележа МКЦ – Битола како силна организација за млади, овозможувајќи им на таков начин активно учество на младите од Битола во подобрувањето на квалитетот на живот во локалната заедница.

Програмата за 2025 година беше реализирана со поддршка на: Меѓународниот центар Олоф Палме, ЕУ ИПА Програмата за прекугранична соработка на Европската Комисија со Република Албанија, Програмата Еразмус+, РИКО, Фондацијата Ден на добри дела, Фондацијата Белградска отворен школа, субгрантови од ЕУ ИПА национални фондови преку Младински сојуз Крушево и Националниот сојуз за родова рамноправност, општина Битола и други спонзори и поддржувачи од бизнис секторот.



## ПРОГРАМА: УНАПРЕДУВАЊЕ, РАЗВОЈ И ПРОМОЦИЈА НА ВОЛОНТЕРСТВОТО

## 5 ДЕКЕМВРИ - ВОЛОНТЕРСКИ НАГРАДИ 2025

По повод 5-ти декември Меѓународниот ден на волонтерите, Младински културен центар – Битола (Волонтерски центар на Македонија) од 2006 година востанови Национални волонтерски награди. По **јубилеен 20-ти пат,** целта е оддавање на јавно признание на волонтери кои се вклучуваат за доброто на својата заедница, помагаат на други и ја промовираат солидарноста, хуманоста и сите позитивни вредности на волонтерските активности.

Оваа година доделивме **1 златен сертификат за волонтерство:**

**ЗЛАТЕН СЕРТИФИКАТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО ВО 2025 ГОДИНА** на волонтерската иницијатива
**SUPPORT KOCANI (СУПОРТ КОЧАНИ)**

Иницијативата **Support Kocani,** активирана веднаш по трагичниот настан што го погоди Кочани и кој ја потресе целата држава и пошироко, ја водат посветени волонтери. Нивниот несебичен придонес за помош на семејствата на загинатите и повредените во време на болка и тага, **ја покажува силата на волонтерството кое во својата суштина има помагање во заедницата, солидарноста и мобилизација на ресурси за самопомош.**

Support Kocani е интернет кампања која обединува повеќе организации, физички и правни лица кои имаат извршено донација на трансакциските сметки на повредените и роднини на загинатите од трагедијата во дискотеката „Пулс" во Кочани која се случи на 16 март 2025 година или на било каков друг начин со свој личен придонес помагаат во реализација на давање помош.

**„Во време на болка, солидарноста е најголем лек.** Никој нема да биде сам. Делата зборуваат многу погласно од зборови, а ние не застануваме – продолжуваме посветено и одговорно, сè додека постои потреба и сè додека има луѓе што веруваат во хуманоста. **Солидарноста и хуманоста се силата што нè движи напред.** Речиси 8 месеци, ние како волонтери, не престануваме со нашата мисија, и остануваме да се бориме и да стоиме покрај секој еден од засегнатите, како и од самиот почеток. **Нашата главна цел никогаш не беа бројките, туку луѓето.** И тоа ќе остане така. Затоа и ќе продолжиме да помагаме на оние што се борат и оние што тивко болат." – велат волонтерите од Support Kocani.



## ДЕН НА ДОБРИ ДЕЛА (GOOD DEEDS DAY)

### ДЕН НА ДОБРИ ДЕЛА ПО ВТОР ПАТ ВО МАКЕДОНИЈА... НАЦИОНАЛНА ВОЛОНТЕРСКА АКЦИЈА ВО 7 ГРАДОВИ НИЗ ДРЖАВАТА

Младинскиот културен центар-Битола (МКЦ-Битола) како една од водечките волонтерски организации во нашата земја го координираше и организираше вториот Ден на добри дела во Македонија, со различни активности во текот на месец април 2025 година. Денот на добри дела е меѓународен ден на волонтерска и хуманитарна работа што започнал да се прославува од 2007 година, како иницијатива на непрофитна организација и има за цел да ги обедини луѓето од целиот свет да прават добри дела за другите жители на планетата. Во 2025 година во оваа глобална волонтерска и хуманитарна иницијатива беа вклучени повеќе од **115 земји во светот.** Повеќе информации на глобалната веб страна: https://www.good-deeds-day.org/

Во нашата земја беа реализирани вкупно **14 волонтерски акции** со директно вклучување на повеќе од **300 волонтери** и повеќе од **1.000 корисници/учесници.** Преку објавите и написите на социјалните и традиционалните медиуми, неколку десетици илјади луѓе беа запознати со активностите на Ден на добри дела на национално ниво.




Денот на добрите дела во Македонија промовираше солидарност, волонтирање и помагање на ранливите и маргинализираните групи во општеството преку директно вклучување на волонтерите во правењето добро во нивните локални заедници. Корисници на нашите акции беа ученици од основните и средни училишта, жени жртви на семејно насилство, стари лица, лица со посебни потреби и други граѓани со потежок социјален и економски статус.

Денот на добри дела 2025 беше национална акција во **7 градови** со поддршка и соработка на партнерите на МКЦ-Битола: **АДИ Гостивар, Паблик Лице в Лице Скопје, Организација на жени на општина Свети Николе, СППМД Кавадарци, Станица П.Е.Т. Прилеп и Ротари клуб Битола-Широк сокак.**




Претставници на МКЦ-Битола учествуваа и на **Европската конференција за лидери** за Денот на добри дела која се одржа во октомври 2025 година во **Подгорица, Црна Гора.** „Унапредување на отпорноста на локалните заедници преку правење добри дела" беше главната тема на конференцијата. Учесниците активно работеа на развој на национални стратегии за развој преку размена на практични искуства со лидерските организации од Португалија, Унгарија, Молдавија, Германија, Украина, Грција, Црна Гора.

## ВОЛОНТЕРСКИ АКЦИЈА ВО СОРАБОТКА СО СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО "– БИТОЛА

🌱 **Волонтерска акција „**Капка по капка – шума по шума"**!** 🌲💧
📍 Локација: СОУ „Таки Даскало" – Битола
📅 Датум: 22.5.2025
Со срце полно благодарност и природа побогата за нови зимзелени дрвца, со гордост објавуваме дека нашата еко акција за **садење и поставување на систем „капка по капка"** е успешно реализирана! 💚





Благодарение на **неуморната работа и ентузијазмот на волонтерите од** СОУ „Таки Даскало" – Битола, засадивме зимзелени дрвца и го проширивме системот за наводнување кој ќе обезбеди одржлив раст и нега за овие зелени бели дробови на природата. 🌿

**Голема благодарност до сите што учествуваа, помогнаа и ја споделија позитивната енергија!**

Волонтерската акција беше поддржана од општина Битола и Локалниот совет за волонтерство на општина Битола.

## ПРОГРАМА: ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ, ЗНАЕЊАТА, ВЕШТИНИТЕ И МОБИЛНОСТ НА МЛАДИТЕ ПРЕКУ НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

### ГРАЃАНСКИ КРУГОВИ

**„Граѓански кругови – од институционален молк до дијалог предводен од Младите“** претставува единствена иницијатива за учество на младите што ги опфаќа сите девет општини во Пелагонискиот регион, што го прави **уникатен модел за развој на регионален младински екосистем во нашата држава.**

**МКЦ-Битола како водечки апликант го спроведува проектот во партнерство со Про Локал-Битола и сите 9 општини од Пелагонискиот регион. Нашата улога е да го фасилитираме дијалогот на младите со локалните институции, да се слушне и прифати нивниот глас во креирањето на локалните политики.**

Како таков, овој локално вкоренет проект функционира како жива лабораторија и можност за иновации во политиките за млади во нашата земја, целосно усогласен со столбовите на Младинската агенда за мир и безбедност на РИКО за земјите од Западен Балкан и тоа со столбовите за **младинско учество, вклучување и превенција.**







Со опфаќање и на урбаните центри и на поголемиот дел од руралното младинско население во земјата, проектот нуди не само локално засновани интервенции, туку и национално релевантни решенија. **Круговите на локалната демократија (ЛДЦ),** применети униформно низ различни општински средини, служат **како иновативен, реплицирачки метод за институционализирање на учеството на младите - особено во малите и недоволно развиените области.**

**Оваа активност доби поддршка преку шемата за грантови RYCOgnizing YPS, поддржана од Германската соработка и имплементирана од RYCO.**

## ЛАБОРАТОРИЈА ЗА МЛАДИНСКО УЧЕЊЕ




Проектот започна со имплементација во октомври 2025 година. Во периодот до крајот на годината се имплементираа предвидените подготвителни активности во однос на регистрација на проектот во МЕП и УЈП, но се реализираа и подготвителните активности во однос на промоцијата на проектот, подготовката на програмата и регрутацијата на учесниците. **Во периодот од 17-25 декември беше реализирана и првата обука за подобрување на вештини и компетенции за млади со помалку можности.**

Општите цели на проектот се да се подобри вработливоста на младите со помалку можности преку развој на нивните лични, социјални и професионални вештини и да се поттикне социјалната и економската инклузија на младите преку развој на социјално претприемништво и зајакнување на локалниот еко-систем, додека специфична цел е: да се унапредат вештините и претприемачкиот потенцијал на **најмалку 100 млади со помалку можности** преку обуки, менторство и поддршка за социјално претприемништво, во насока на нивна економска активација и градење одржлив модел на локална меѓусекторска соработка.

**Овој проект е дел од проектот “RAISE CSOs- Резилиентни и Инклузивни Патишта за Социјално Претприемништво за Младите со локалните Граѓански Организации во Северна Македонија„ финансиран од ЕУ, предводен од Младински Сојуз - Крушево во партнерство со Центар за истражувања и анализи „НОВУС“ и Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој „Паблик“.**

## ПРОЕКТ: МОЕТО ПРВО РАБОТНО МЕСТО, ВО МОЈОТ ГРАД

Општа цел на проектот беше зголемување на компетенциите на млади невработени лица и студенти за подготовка за работа, безбедност и здравје при работа и за пристојна работа како и придонес во намалување на младинската миграција во општина Битола. Во рамките на овој проект беа имплементирани следните активности: работилници за подготовка за работа, безбедност и здравје при работа и за пристојна работа и менторска поддршка на учесниците на работилницата за кариерен развој со анализа на слободните работни позиции на пазарот на труд. Резултати од имплементацијата на овој проект беа зголемените компетенции на **20 млади невработени лица и студенти од Битола** за подготовка за работа, безбедност и здравје при работа и за пристојна работа како и придонесот кон зголемената информираност и мотивацијата на млади невработени лица во општина Битола да се

вклучуваат активно во процес на наоѓање на работа во својот град. Проектот беше поддржан од општина Битола.

## МЕЃУНАРОДНА МЛАДИНСКА РАЗМЕНА “PROJECT ECO MEETING”



Меѓународната младинската размена **PROJECT ECO MEETING** се одржа на крајот на јули и почетокот на август 2025 година во близина на **Умаг, Хрватска (летен камп Савудрија).** Младинската група од МКЦ-Битола која учествува на овој камп втора година, беше дел од **над 60 учесници од 8 европски земји**.

Покрај еколошките едукативни активности, младите реализираа и акции за чистење на околината како и работилници за разбирање, меѓусебна поддршка и учење за емпатија. За зајакнување на интеркултурната соработка, учесниците ги презентираа своите народни игри, а воедно беа вклучени во процес на учење за културата на другите земји. **Проектот е со финансиска поддршка на програмата Erasmus+ на Европската Комисија**.

## ПРОГРАМА ЗА МЛАДИНСКО ЛИДЕРСТВО

МКЦ – Битола со поддршка на **Global Learning Lab Western Balkans** беше дел од Програмата за младинско лидерство, преку која **17 средношколци од општина Битола поминаа обука за младинско лидерство** реализирана од сертифицирани обучувачи со меѓународно искуство. Програмата имаше за цел да го поттикне младинскиот активизам и да подготви нова генерација млади лидери кои активно ќе придонесуваат за подобрување на заедницата.



По завршувањето на обуката, **петмина млади реализираа двомесечен волонтерски ангажман во МКЦ – Битола,** каде под менторство работеа на младинската иницијатива **„Мали раце – Големи срца“.** Иницијативата се спроведе во соработка со Заводот за рехабилитација за деца со оштетен слух „Кочо Рацин“–Битола и опфати креативна работилница преку која децата имаа можност преку игра и креативни активности да се изразуваат, учат и развиваат, зајакнувајќи ги своите социјални и комуникациски вештини и самодоверба. По завршувањето на работилницата, **тимот на МКЦ – Битола заедно со волонтерите подели ужинки за сите 85 штитеници на установата.**




## ЛОКАЛЕН МОФ ЦЕНТАР – ДЕБАТЕН КЛУБ

Во текот на 2025 година, во рамките на МКЦ – Битола се **реализираше Дебатен клуб наменет за средношколци.** За учество беа пријавени околу 50 ученици, од кои приближно **20 беа активни членови кои редовно ги следеа активностите.** Средбите се одржуваа еднаш неделно и се реализираа преку интерактивни и практични предавања. Дебатниот клуб се спроведуваше во периодот од **ноември 2024 до јуни 2025 година,** при што учесниците стекнаа вештини за јавно говорење, аргументација и презентација, но и можност за меѓусебно поврзување, нови познанства и пријателства.

Во втората половина од 2025 година се спроведуваше процес на регрутација на нови млади учесници кои **во текот на 2026 година ќе бидат вклучени во Дебатниот клуб.** Преку програмата тие ќе стекнат основни знаења и вештини поврзани со дебатата, како што се: поимот аргумент, начини на побивање, формулирање на теза и видови на тези, улоги на говорници, како и техники за јавно говорење и презентациски вештини.

## ПРОГРАМА: РАЗВОЈ НА ДЕМОКРАТИЈАТА, ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

### УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Проектот постигна значаен напредок во зајакнување на инклузивниот социјален дијалог, младинското учество и меѓусекторската соработка во контекст на праведната енергетска транзиција во Северна Македонија. Клучно достигнување беше консолидирањето и проширувањето на Локалните економско-социјални совети (ЛЕСС) како кредибилни и сè повидливи платформи за дијалог на локално, регионално и национално ниво. До крајот на годината, проектот опфати **11 општини (Битола, Ресен, Демир Хисар, Струга, Кавадарци, Тетово, Гостивар, Штип, Свети Николе, Крива Паланка и Куманово),** со што дополнително се зацврсти улогата на МКЦ Битола како национален координатор. На регионално ниво, беше унапредена соработката во Пелагонискиот регион преку заеднички работилници, особено настанот **„Планирање на праведната транзиција во Пелагонискиот регион“,** кој придонесе за подобро разбирање на предизвиците во јаглен-зависните заедници и зајакната координација меѓу засегнатите страни.




На национално ниво, **настанот „Праведна енергетска транзиција на локално ниво: работници, заедници и дијалог“** овозможи директна комуникација меѓу локалните структури и релевантните институции, зголемувајќи ја видливоста и легитимитетот на ЛЕСС. Дополнително, преку вмрежувањето во Штип беа дефинирани заеднички приоритети за застапување, поврзани со институционална поддршка и децентрализација. Проектот придонесе и за продлабочување на дијалогот преку експертски панели и работилници, вклучително и придонес од европскиот синдикат за индустрија (IndustriAll Europe) и Универзитетот Манчестер, организирани во соработка со СИЕР и Еко-свест, како и преку студиска посета во Грција, која овозможи размена на искуства за транзицијата од јаглен и ја нагласи важноста на силната политичка волја, активното учество на локалните заедници и улогата на синдикатите во обезбедување праведен и инклузивен процес.

МКЦ Битола го спроведува проектот со поддршка од Меѓународниот центар Олоф Палме од Шведска.

## СТУДИСКА ПОСЕТА НА ЛЕСС ВО ГРЦИЈА



Во октомври 2025 година МКЦ-Битола организираше **студиска посета во Грција (Кожани, Универзитетот на Западна Македонија и Солун), во која учествуваа 12 претставници од синдикати, ЛЕСС, локални власти, РЕК Битола, граѓански организации и академската заедница.**

Посетата овозможи значајна размена на искуства за транзицијата од јаглен, при што особено беше нагласена важноста на силната политичка волја, активното вклучување на локалните заедници и проактивната улога на синдикатите и платформите за социјален дијалог во обезбедување праведен и инклузивен процес.

## МЛАДИНСКО СОБРАНИЕ ЗА ПРАВЕДНА ТРАНЗИЦИЈА

На 12 мај 2025 година, МКЦ Битола во соработка со Еко-свест и Универзитетот „Свети Климент Охридски“ – Битола (УКЛО) организираше **Младинско собрание за праведна транзиција,** насочено кон информирање и едукација на младите за праведната енергетска транзиција, како и нивно активно вклучување во решавањето на локалните проблеми. Активноста се фокусираше на дефинирање на приоритетите на младите за енергетската транзиција, кои послужија како основа за изработка на нацрт-концепт за првиот територијален план за праведна транзиција во Пелагонискиот регион.






Активноста вклучуваше **интерактивни работилници и панел дискусии со експерти,** коишто ги презентираа трендовите и локалните предизвици во процесот на праведна транзиција, а нацрт-концептот содржи предлози за конкретни решенија во енергетскиот сектор, препораки за локални и национални политики и стратегии за поддршка на младите.

## ЈАВНА ДИСКУСИЈА – ПРАВЕДНА ЕНЕРГЕТСКА ТРАНЗИЦИЈА

На 5 ноември 2025 година, МКЦ Битола во соработка со Локалниот економско-социјален совет на општина Битола (ЛЕСС Битола) организираше јавна дискусија на тема **„Праведната енергетска транзиција, нејзините социјални импликации и пазарот на труд“.** Настанот беше дел од програмата на Општина Битола за одбележување на 4 Ноември, денот на ослободувањето на Битола. Дискусијата овозможи конструктивен дијалог меѓу локалната самоуправа, бизнис-секторот, синдикатите, академијата и граѓанскиот сектор, со цел да се идентификуваат предизвиците и можностите на енергетската транзиција во Пелагонискиот регион, особено во контекст на влијанието врз РЕК Битола и локалната економија. На панелот учествуваа експерти и претставници од Центарот за вработување, Техничкиот факултет – Битола, Регионалната стопанска комора и Конфедерацијата на слободни синдикати, а на дискусијата присуствуваа 30 локални чинители.




Заклучоците од дебатата покажаа дека успешната енергетска транзиција бара континуирана соработка меѓу академијата, средните стручни училишта, Агенцијата за вработување и бизнис-заедницата, како и поддршка на социјалниот и економски развој на регионот. Истакнато беше значењето на развојот на старт-ап екосистем и регионални иновациони центри за стимулирање на претприемништвото и спречување на одливот на мозоци, како и улогата на Техничкото училиште во Битола како Регионален центар за развој на вештини. **ЛЕСС Битола беше препознаен како клучна платформа за социјален дијалог и партнерство, овозможувајќи праведна, одржлива и социјално одговорна транзиција.**

## ГЛАСОВИ НА ПРАВЕДНА ТРАНЗИЦИЈА

Општа цел на проектот кој започна со реализација во ноември 2025 година е да се оспособи граѓанското општество и ранливите групи во битолскиот регион **активно да учествуваат и да обликуваат праведна, инклузивна и рамноправна енергетска транзиција,** осигурувајќи дека нивните гласови се одразуваат во локалните и националните процеси на донесување одлуки. Активностите кои ќе започнат со реализација во 2026 година ќе вклучуваат работилници за градење на капцитетите на различни целни групи, форуми за јавен дијалог и изработка и публикување на извештај за гласот на зедницата за

праведната транзиција во битолскиот регион. Проектот ќе се реализира до октомври 2026 година со поддршка на **Фондацијата Белградска отворена школа преку фондови на Европската Унија.**

## ГРАЃАНСКА АЛИЈАНСА ЗА ПРОМЕНИ НА ЛОКАЛНО НИВО – ФОРУМ ЗА ГРАЃАНСКИ ДИЈАЛОГ

Како дел од Граѓанската алијанса за прогресивни промени на локално ниво Младински културен центар - Битола и оваа 2025 година работеше во две општини и тоа Демир Хисар и Крушево. Во рамките на оваа иницијатива беа реализирани два мониторинг процеси, по еден во град, за реализацијата на граѓанските приоритети. За таа цел беа реализирани и серија на разговори со релевантни претставници на општинските власти. Исто така оваа година беше изборна, па во рамките на оваа иницијатива беше имплементиран процес на консултација со граѓаните на Демир Хисар и Крушево, во однос на граѓанските приоритети за период 2026-2029 година.

Во однос на овој процес беа реализирани консултативни разговори со граѓани од различни групи на граѓани од кои се прибираа граѓанските приоритети, потоа сите приоритети беа дискутирани на по една консултативна средба со граѓаните на која се направи приоретизација и крајно беа **селектирани по 5 граѓански приоритети** за период 2026-2029 година односно во рамките на градоначалничкиот мандат. Крајно во овој процес беа реализирани две јавни дебати со кандидатите за градоначалник за Демир Хисар и Крушево, по една во општина, на која присуствуваа граѓани и на кои се дискутираа селектираните граѓански приоритети и што кандидатите, доколку бидат избрани, ќе преземат во нивните мандати. Како финална активност во рамките на оваа иницијатива беше **потпишувањето на меморандуми за реализација на граѓански приоритети со градоначалниците на Демир Хисар и Крушево.**






## АКТИВНИ ГРАЃАНИ ЗА ФЕР И ТРАНСПАРЕНТНИ ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ

„Активни граѓани за фер и транспарентни локални избори" е проект спроведуван од Младински културен центар – Битола. Овој проект е субгрант добиен во рамки на **„ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2"  финансиран од Европската Унија.**

Проектот значително го зајакна капацитетот на граѓаните и новинарите во Пелагонискиот регион за активно учество во локалните избори 2025. Граѓаните ангажирани како домашни набљудувачи се екипираа со вештини за следење на изборниот процес и пријавување на евентуални неправилности. Обучените **20 граѓани како домашни набљудувачи** играа клучна улога во зголемување на транспарентноста на изборите, а нивното учество придонесе за зголемена доверба во изборниот процес.

**Набљудувачите беа распоредени во 10 мобилни тимови по 2 набљудувачи** и тоа: 4 мобилни тимови за општина Битола, 2 мобилни тимови за општина Ресен, 2 мобилни тимови за општина Демир Хисар, 1 мобилен тим за општина Могила и 1 мобилен тим за општина Новаци Вкупниот број на избирачки места во 5-те општини е **308**. Мобилните тимови на МКЦ-Битола во првиот изборен круг набљудуваа на вкупно **120 ИМ**, што претставува покриеност од **38,96%.**

**Во вториот изборен круг во општина Могила беа распоредни** 2 мобилни тимови со 4 набљудувачи. Вкупниот број на избирачки места во општина Могила е 23. Мобилните тимови на МКЦ-Битола набљудуваа на вкупно **23 ИМ**, што претставува покриеност од **100%.**




**Прелиминарната оценка на МКЦ-Битола за изборниот ден (во првиот и вториот изборен круг во Могила) во овие пет општини е дека изборниот ден помина во мирна и демократска атмосфера, граѓаните слободно можеа да ја изразат својата волја и да го остварат своето гласачко право.** Во текот на изборниот ден набљудувачите забележаа изолирани неправилности и технички недостатоци кои не влијаат на конечниот исход на изборите.

Сумираните детални извештаи од набљудувачите од првиот и од вториот круг беа споделени со јавноста и беа доставени до Граѓанскиот ресурсен центар, Државната изборна комисија како и англиска верзија до долгорочните меѓународни набљудувачи од мисијата на ОБСЕ/ОДИХР.

Проектот **обучи 15 новинари и претставници на медиуми во Пелагонискиот регион** за важноста на избалансираното и објективно известување во изборен контекст. Работилницата им помогна да ги подобрат своите новинарски вештини, да избегнуваат пристрасност и да го зајакнат квалитетот на медиумското известување. Преку зголемениот капацитет за професионално и објективно известување, проектот има долгорочен ефект на подобрување на медиумскиот простор, зголемувајќи ја довербата на јавноста во медиумите и изборниот процес.

## БЕСПЛАТНА ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ




Во периодот јуни – декември, во канцеларијата на МКЦ – Битола **беше обезбедена примарна правна помош за 91 граѓанин, кои добија иницијален правен совет, општи правни информации и насоки за остварување на своите права.** За 3 лица беше обезбедена и секундарна правна помош, односно бесплатно правно застапување пред Основниот суд во Битола.

Дополнително, во соработка со **Канцеларијата на Советот на Европа во Скопје и Мисијата на ОБСЕ во Скопје,** беше реализирана иницијатива за обезбедување примарна правна помош во Управата за водење матични книги – Битола. Мобилен тим составен од претставничка на МКЦ – Битола и студенти од Правниот факултет во Битола, во ноември и декември обезбеди правна помош за **90 граѓани** од Пелагонискиот регион, од кои 2 лица се стекнаа со секундарна правна помош за постапка за развод на брак пред Основните судови во Битола и Прилеп.

Најчестите прашања се однесуваа на услуги од Управата за водење матични книги, но и на оставинска постапка, социјална заштита, облигациони односи и семејно право.

## СОЦИЈАЛНО МЕНТОРСТВО - ПАБЛИК

Социјалното менторство како алатка за поддршка при вработување на ранливи категории граѓани во втората половина од 2025 година се спроведуваше како дел од проект на ПАБЛИК поддржан од Светска банка, во соработка со ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Битола. Програмата беше насочена кон корисници на гарантирана минимална помош (ГМП), при што **беа вклучени 10 лица (6 жени и 4 мажи),** со кои се реализираше индивидуален менторски процес во времетраење од шест месеци, преку проценка на нивните вештини, интереси и можности за вработување.

Од вкупно 10 менторирани лица, **8 успешно се активирани на пазарот на труд и повеќе од три месеци се во формален работен однос,** со што повеќе не се корисници на ГМП.

Во прилог линк од сторија за успешни приказни https://trn.mk/od-margina-do-mozhnost-kako-rabotnoto-mentorstvoto-sozdava-novi-pochetoczi/.

Програмата за социјално менторство во МКЦ – Битола континуирано се спроведува веќе пет години од страна на социјалната менторка Ирена Туфекчиева, во соработка со Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој „Паблик“ – Скопје.

## ЛИЦЕ В ЛИЦЕ - ПАБЛИК




Младински културен центар - Битола и во 2025 година продолжи да ја поддржува продажбата, дистрибуцијата и промоцијата на уличното списание „Лице в лице" за одржлив развој. Веќе 7 години во континуитет како организација ја поддржуваме **нашата продавачка Мубија** да остварува теренска продажба на списанието и продружните производи.

Истовремено, со поддршката од граѓаните, институциите и бизнис заедницата Мубија во 2025 година **успеа да продаде околу 1800 производи,** со што повторно се обезбеди стабилност на нејзиниот работен ангажман и можност за остварување сопствен приход.

Како организација и во иднина продолжуваме да ја поддржуваме Платформата за одржлив развој и нејзиниот работен ангажман, со надеж дека бројот на продадени „Лице в лице" производи ќе продолжи да расте, а со тоа ќе се зголемува и нејзиниот приход.

## РОДОВА АНАЛИЗА НА КОРИСНИЦИТЕ НА СОЦИЈАЛНА ПОМОШ ДОДЕЛЕНА ОД ОПШТИНА БИТОЛА

Проектот „Родова анализа на корисниците на социјална помош доделена од Општина Битола" има за цел **унапредување на родовата рамноправност** преку подготовка на сеопфатна родова анализа на корисниците на социјалната помош што ја доделува Општина Битола. Преку предвидените активности ќе се анализираат потребите на корисниците, нивниот пристап до социјалната помош и ефектите од добиената поддршка од родова перспектива. Посебен акцент ќе биде ставен на идентификување на можните родови нееднаквости, како и на формулирање препораки за унапредување на рамноправниот пристап и подобрување на положбата на жените.

Активноста – изработка на родова анализа на корисниците на социјална помош доделена од општината е во согласност со **Програмата за еднакви можности на Општина Битола за периодот 2025 - 2026 година,** во делот кој се однесува на унапредување на родовата еднаквост преку системот на социјална заштита.

Проектот се реализира во рамките на иницијативата „Од несвесни за различностите до трансформативни локални заедници кои ја препознаваат различноста и инклузивната еднаквост", со финансиска поддршка од фондовите на Европската унија. Имплементацијата на проектот се спроведува во периодот од ноември 2025 до март 2026 година.

## РЕСИС: ДО ПЕЛИСТЕР – БЕЗБЕДНО, ОДРЖЛИВО, ЗА СИТЕ!

Оваа иницијатива е резултат на соработката на Младински културен центар-Битола со **Институтот за истражување на општествениот развој – РЕСИС** во рамки на проектот „Медиуми на заедницата за граѓански ангажман: Трансформирање на општествените барања во општествена акција“, финансиран од Европската унија.

Соработката е во однос на имплементацијата на **локална иницијатива за застапување** за адресирање на идентификуваниот проблем поврзан со одржливоста на пристапот до Националниот парк Пелистер. Цели на оваа иницијатива се да се поттикнат надлежните институции да започнат процес за реконструкција на патот до Пелистер и да се мобилизира јавноста и да се зајакне дијалогот помеѓу граѓаните и институциите за прашања од важност за локалната заедница.

## РЕГИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА НА НМСМ

Како регионална канцеларија на Националниот младински совет на Македонија, МКЦ-Битола, ги имплементираше и се влкучуваше во годишните активности предвидени во програмите на НМСМ за Пелагонискиот регион. Исто така МКЦ-Битола учествуваше на настани, конференции, годишни Собранија и други активности организирани од НМСМ.

## ПРОГРАМА: ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА УРБАНА КУЛТУРА

## МЕЃУНАРОДЕН МЛАДИНСКИ АРТ ФЕСТИВАЛ „БИТОЛА ОТВОРЕН ГРАД 2025“

**Битола Отворен Град** е во организација на Младински културен центар – Битола е најголемиот младински урбан фестивал во Македонија – место каде младите креираат, изразуваат и менуваат. **Од 25 до 28 јуни, Битола пулсираше по 24-ти пат – со музика, уметност, став и слобода.** Ова е фестивал за новата генерација: гласна, талентирана, отворена и без компромис.

🎤 Што претставува фестивалот?

- 24 години културна историја
- Повеќе од 550 уметници од 40 земји
- Над 320 настани во улични и јавни простори
- Директна комуникација со младинска, урбана и ангажирана публика
- Медиумска покриеност на национално и регионално ниво
- Препознатлив бренд во алтернативната културна сцена

**24 години културен континуитет**

Некои фестивали траат еден викенд.

Овој – веќе четврт век.

Битола Отворен Град не е тренд. Не е ни селфи-пункт. Не е “event”.

Тоа е културна континуираност што се држи за живиот збор, улицата, звукот на младите – и сите оние што некогаш се чувствувале како „друга сцена“.

Битола Отворен Град е крик на урбаната култура

Од винил до визуелна поезија.

Од улична дебата до отворен микрофон.

Од скејт-парк до демо снимка.

Од првиот DJ сет – до следната генерација што го пушта звукот.

Ова не беше само програма.

Ова е град што одбрал да биде Отворен Град.

И ако нешто научивме по 24 изданија, тоа е дека културата не се мери по број на гледачи – туку по број на оние што се разбудиле од неа

Фестивалот ви стои отворен.
Како град.
Како врата.
Како глас.







## ИЗЛОЖБА НА ПЛАКАТИ на ХАРИС МУРИЌ

Некои уметници се гласни. Харис Муриќ – не мора да биде. Неговите плакати не се правени да бидат „убави“. Туку точни. Точни за тоа како се чувствуваме – малку изгубени, малку носталгични, понекогаш тивки, понекогаш распарчени. Дури и кога се минимални – зборуваат многу. И знаат каде да те погоди една буква, еден збор, еден тивок крик.

## DJ РАБОТИЛНИЦА со HERZEL

Herzel не беше тука да врти. Беше тука да сподели знаење. Како се размислува во ритам? Како се гради селекција што не се заборава? Александар Гроздановски – Herzel - Музички продуцент, DJ и композитор со меѓународно портфолио и длабок афинитет кон звукот како форма на истражување.

## КОНЦЕРТ на GNEZDO FM JAM ORCHESTRA (СРБИЈА)

Некои концерти се случуваат во сала. Овој – се случи на улица. И тоа не било која – туку онаа најважната за Битола. Gnezdo FM Orchestra дојдоа од Србија и оставија музичка трага што не се опишува во жанр. Аналогна хемија, електронска импровизација, ритам што не мирува…па ја вклучија и публиката сочинета од случајни минувачи. Настапот се случи на затворениот дел од Широк Сокак кај хотел Епинал. Без подиум, без бариери – само звук што се меша со живиот град и луѓето кои слушаат.










## РАБОТИЛНИЦА ЗА ПОЕЗИЈА со МАРИЈА БОШКОВСКА

Како пишуваш ако мислиш дека не си поет? Најдобро – ако не се обидуваш да бидеш. Само да бидеш. Денешната поетска работилница со Марија Бошковска во МКЦ Битола не бараше совршени стихови – туку храброст да се напише првиот. Или првиот што навистина значи нешто. Читавме современа поезија. Зборувавме за личниот лирски глас. Пишувавме – искрено, несредено, од внатре. Беше тивко. Беше нежно. И беше потребно.

## LIVE DJ SETS
## DJ GOCE
## DJ CHVARE
## DOUBLE G




Импровизација со став. Groove со корен. Скратена патека до пулсот. GOCE. CHVARE. DOUBLE G. Тројца диџеи. Три стила. Еден пулс. Стара школа. Нова енергија. Градот под игла – и тоа не тивко.

- **DJ Goce** – хип-хоп селектор и продуцент кој со децении знае како да го држи подиумот топол. Ако си израснал со “седумдвојки”, неговиот сет е аудио време-машина.
- **Chvare** – длабочина, алтернативен грув, музички nomad кој не се плаши од ризик. Сетот му е како музичка шкрабаница од интуиција и текстура.
- **Double G** – најмладиот меѓу тројцата, но со звук што знае да оди и напред и надолу. New school flow со чувство за old school fight.

Ова не беше уште еден настан. Ова беше град во диџеј режим.

## БЕРЗА НА ВИНИЛИ
## DJ CHIKO

Винил на сонце. Љубов на грамофон. Во Јагода мезе бар се случи – второто издание на Берзата на винили, во рамки на БИТОЛА ОТВОРЕН ГРАД ▪ ▪ ▪ Се менуваа плочи, приказни и погледи низ

колекциите. Од 11 до 17 часот – времето се вртеше како на грамофон. Љубителите на винил од цела Македонија ги донесоа свои богатства. МКЦ-Битола се обиде повторно да ја претвори Битола во град што звучи аналогно и модерно истовремено. DJ Chiko ни даде саундтрак на денот.







**КОНЦЕРТ**
**PREKURED**
**TSAR VON TIME**
**MAMUT**

Некои традиции – се свират. МКЦ-Битола и годинава ја чува најгласната традиција – концертот на младите бендови, каде сцена е традиционално нашиот Скејт парк. Тука не се доаѓа поради имиња што ги знаеш – туку поради имиња што ќе ги запомниш. Гаражна енергија. Алтернативен став. Гласна искреност без компромис. Од панк до прогресив, од метал до хармонија – оваа вечер беше тест на твојата енергија и на нивната сцена. Preku Red, Tsar Von Time и Mamut. Три бенда, три перспективи, една вечер со звук. „Дојди со слушалки, но во џеб. И запомни: Овде не се продаваат билети – тука се создаваат сцени. Дојди, за да кажеш еден ден: „Јас бев таму кога почнуваа.“









Фестивалот Битола Отворен Град 2025 го заврши своето 24. издание со јасен став: културата не се конзумира – се живее. Битола Отворен Град 2025 не броеше публика – броеше моменти. И оваа година, фестивалот не беше спектакл. Беше сигнал. Дека уметноста не мора да биде голема за да биде важна. Дека културниот континуитет не се случува сам од себе – туку се гради со истрајност.










**Фестивалот е организиран од МКЦ-Битола, со поддршка од Општина Битола и бизнис секторот на градот. Сите настани беа бесплатни и отворени за јавноста – затоа што културата, пред сè, треба да биде достапна.**








## ИПА ПРОЕКТ SMART4YOU2

Проектот **Smart4You2** е кофинансиран од Европската Унија, во рамките на третиот повик во рамките на Прекуграничната програма Република Северна Македонија – Република Албанија во рамките на распределбите на Инструментот за претпристапна помош (ИПА II) за 2018 – 2020 година. Основната цел на проектот е развој на туристичките потенцијали на прекуграничниот регион, преку промоција на културното наследство и вредностите што ги поседува регионот.

МКЦ-Битола во текот на 2025 година ја продолжи менторска поддршка за развој и промоција на бизниси на **23 претставници** на мали бизниси, занаетчии, туристички оператори и претприемачи од двете страни на границата, за развој на нивните мали бизниси и претприемачки идеи, кои ќе бидат вклучени во нови туристички понуди во регионот на Битола и Корча.




Во рамките на проектот организиравме три настани: **Креативна работилница** во Музејот на Стерјо Спасе во с. Глобочани, Република Албанија; промотивниот настан **"User's Journey"** и настанот за вмрежување на кој ја презентиравме изработената **Е-брошура** за промоција на туристичките потенцијали на регионот на Пелагонија и Корча.

Линк: https://www.yumpu.com/en/document/read/70605717/smart4you2-publikacija



## МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЏЕЗОТ ВО БИТОЛА 2025




Младинскиот културен центар – Битола (официјален младински клуб на УНЕСКО) за одбележување на Меѓународниот ден на џезот организираше концерт во живо на **Филип Динев Трио** во **среда на 30 април 2025** година со почеток во **22.00 часот**, во **кафе бар Порта Џез во Битола**.

**Филип Динев** е македонски гитарист/композитор со интернационална кариера. Магистрант на ХФМТ Хамбург, автор и продуцент на 2 оригинални изданија – „**Romann**" (2024) и „**Szvetlo**" (2020). Париз, Будимпешта, Базел, Талин, Берлин, Хамбург, Лајпциг и Дрезден се само дел од европските градови каде Динев има концертирано. Композиторскиот печат и виртуозноста со влијание од **класична**, **балканска** и **традиционална џез** музика го прават Динев еден од најавтентичните гитаристи во регионот и Европа. Покрај авторските концерти, свирел и со светски имиња, како Nils Landgren, China Moses и Teemu Viinikainen.

**Филип Динев** - гитара/композиции
**Андреа Мирчевска** - контрабас
**Дамјан Грујо** – тапани

Како и секоја година настанот беше регистриран и промовиран на официјалната веб страница на jazzday.com. Линк од објавата: https://jazzday.com/listing/filip-dinev-trio-international-jazzday-bitola-2025/?fbclid=IwY2xjawJ8GnVleHRuA2FlbQIxMQBicmlkETFiUkZPVFdENEw5eFlqVFEzAR4tKXJ9E1j84G_DI2O_W63SOXhRpUnR4wOd1Uc5HY0IpMlkOhBFqF-Q5R26xA_aem_Qu-1bqQx4VxoDSAtwTIS3g

Овој концерт по единаесетти пат ја стави Битола на глобалната мапа на градови кои го одбележуваат Меѓународниот ден на џезот и ги слават вредностите кои тој ги промовира. Битола ја ставаме на иста линија со светските метрополи кои имаат почит кон уметноста како начин на живот и извор на енергија не само за уметниците туку и за обичните граѓани. **Настанот се организираше во партнерство со Порта Џез и со финансиска поддршка на Општина Битола.**

## КООПЕРАТИВА – РЕГИОНАЛНА ПЛАТФОРМА ЗА КУЛТУРА

Во периодот од 24 до 27 ноември 2025 година, претставници на МКЦ–Битола присуствуваа на **Собранието на Регионалната платформа за култура „КООПЕРАТИВА" во Загреб, Република Хрватска**. Како дел од агендата се организираше и **Форум 2.0 – NextGen** во којшто се организраа две тркалезни маси на следниве теми:

- Нова генерација и мобилност – мостови на соработка во Европа

- Механизми за одговор на кризи: институционализирани организации наспроти движења – самоорганизација и институционален дијалог




Настанот беше збогатен и со уметничка со учество на млади регионални уметници. Форумот овозможи простор за размена на идеи, искуства и перспективи, како и за продлабочување на соработката меѓу учесниците од различни земји. Исто така, во текот на 2025 година учествувавме на низа онлајн сесии за изработка на новиот Стратешки план на Платформата.

## ПРОГРАМА: ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ

Во рамките на оваа програма вработените, членовите и волонтерите на МКЦ-Битола учествуваа во голем број на обуки, работилници, семинари и конференции за зголемување на знаењата и вештините. Дел од темите на кои имавме учесници во обуките беа фокусирани на антикорупциски практики, застапување и креирање на политики, социјално менторство, граѓански мониторинг, волонтерски менаџмент, граѓански активизам, вештини за вработливост и други.

МладинскиКултурен Центар-Битола МКЦ

**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ:**

**МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР – БИТОЛА**
ул. Цар Самоил 29, Битола 7000
Тел. 047 233 020
Е-маил: mkcbt@t.mk
Веб: www.mkcbt.org.mk
https://www.facebook.com/mkcbt/
https://www.instagram.com/mkcbitola/